РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-170/4
29.06 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставка бр. 08-170/1 поднесена од [redacted], за сторена дискриминација од страна на [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) на 06.06.2022 го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на медиумите и јавното информирање, сторено од страна на [redacted] од [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е поднесена претставка со архивски број 0801-170/1 од 15.03.2022, од страна на [redacted] против лицето [redacted]

По приемот на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека претставката е поднесена во законски рок согласно член 24, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Претставката се однесува на јавно информирање и медиуми, област која е предвидена со член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно наводите во претставката, подносителот тврди дека лицето [redacted] ширело расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем. Следствено, [redacted] со објава на текстуална содржина на својот кориснички профил на мрежата „Фејсбук" напишал „Најверојатно поради ова сум хомофоб, не поднесувам хистерични педери, професорот почина, нека му е лесна земјата, а параноичниве педери му ги јадат коските на уште не изладеното тело, педери, самоблокирајте се..".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 30.03.2022 достави Барање за изјаснување до [redacted] заверено под бр. 08-170/2.

На 11.04.2022 година, до КСЗД пристигна писмено произјаснување по наводите на претставката од страна на [redacted] заверено под број 08-170/3.. Во неговиот допис, [redacted] истакнува дека бил испровоциран, изреагирал во афект поради фактот што во контекст било ставено починато лице кое било драго на [redacted] и поради тоа, ситуацијата излегла од контрола. Во однос на ова, [redacted] во неговиот допис жали за настанатата ситуација и се извинува до сите припадници на ЛГБТИ+ заедницата и истакнува заложба дека како иден психолог, нема да врши дискриминација врз ниту еден основ. Дополнително, за да ја докаже афектната состојба, [redacted] во прилог испрати


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

и скриншотови (screenshots) од негови објави на социјалната мрежа „Фејсбук" во кои во претходни моменти изразува поддршка за ЛГБТИ+ заедницата.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација **вознемирување** претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика(член 10). Во случај на вознемирување не е потребно да постои конкретно лице на кое му се повредени правата, туку може вознемирување да постои и кога се погодени група како целина, односно припадници на група, што е случај, припадниците на ЛГБТИ+ заедницата.

Во поглед на европската судска пракса, Европскиот суд за човекови права во случајот Beizaras and Levickas v. се наведува дека хомофобични коментари на социјалните мрежи мораат да бидат санкционирани во демократско општество. Дополнително, судот цени дека доволно е еден коментар за тој да се сфати сериозно доколку објавата има голема видливост на интернет, што е и случајот на објавите на [redacted] на својот кориснички профил на „Фејсбук".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги зема во предвид наводите во претставката и произјаснувањето на [redacted] во однос на неа. Врз основа на ова, КСЗД ја ценеше содржината на [redacted] насочена кон ЛГБТИ+ заедницата, предизвиканите коментари, креирањето на мислење на оваа маргинализирана група и контекстот на целата содржина.

Поради сето горе наведено, тргнувајќи од меѓународните акти вклучувајќи ги Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права, Меѓународната повелба за граѓански и политички права како и Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на Обединетите нации, акти кои се ратификувани и правно обврзувачки за Република Северна Македонија Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај **утврди ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на медиумите и јавното информирање.

Во случај на утврдена дискриминација, согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

## **П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да ја отстрани вознемирувачката објава од социјалната мрежа „Фејсбук" и во иднина да се воздржи од креирање на содржини кои можат да вознемират одредени групи на лица по било која дискриминаторска основа.

Бришењето на вознемирувачката објава треба да биде сторено веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Доколку објавата е веќе отстранета, Комисијата го задолжува [redacted] да ја извести за истото.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Исмаил Камбери

Доставено до:

[redacted]
3. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk